# ИНФЕКЦИЈА СО COVID-19 И ВАКЦИНАЦИЈА

## Како COVID-19 влијае на мене?

- COVID-19 може да предизвика инфекција на белите дробови со треска, отежнато дишење, болки во мускулите или телото.
- Кај постарите лица постои поголема веројатност да одат во болница доколку добијат COVID-19.

## Како помага вакцината против COVID-19?

- Ако ја примате вакцината против COVID-19 на секои 6 месеци, помала е веројатноста дека ќе треба да одите во болница доколку ја добиете инфекцијата.

## Кога можам да ја примам вакцината против COVID-19?

- На возраст од 65 до 74 години: Секои 12 месеци (секои 6 месеци ако живеете во старечки дом)
- На возраст од 75 години и постари: Секои 6 месеци

## Кои се вообичаените несакани ефекти од вакцината против COVID-19?

- По вакцинацијата вообичаена е појава на болка, оток или црвенило на местото каде што е ставена инјекцијата, треска и болка во мускулите.
- Тие исчезнуваат сами по себе по 2 до 3 дена.
- За намалување на болката, треската и болката во мускулите може да помогне парацетамол.

## Зошто треба да примам вакцина против COVID-19 секои 6 месеци?

- Со текот на времето се намалува заштитата од вакцината.
- За добра заштита, постарите лица треба да ја примаат вакцината секои 6 месеци.

## Каде можам да најдам повеќе информации?

- Разговарајте со вашиот доктор по општа пракса (GP).
- Исто така се достапни често поставувани прашања за вакцините против COVID-19 (само на англиски јазик) – ве молиме скенирајте го QR-кодот:

**COVID-19 INFECTION AND VACCINATION - Macedonian**
Produced By South Eastern Sydney Public Health Unit
02 9382 8333
August 2024